141. Информација за можноста за барање за упатување на предметот Љатифи против Република Македонија, А.бр. 19017/16, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 17.5.2018 година до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

142. Предлог–закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

143. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

144. Предлог-програма за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година

145. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2019 година

146. Информација за Ревидиран Оперативен план за активни програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план

147. Информација за Акцискиот план за формализирање на неформалната економија во Република Македонија 2018-2020 година, со Акциски план, Предлог-одлука и Предлог-решение

148. Информација за потребните вработувања и финансиски средства за Здравствен дом Скопје

149. Информација за проектот „Реконструкција на кров на објектот ЈЗУ Завод за нефрологија, „Струга“, со Акциски план

150. Информација за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги „Фармаролли“ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

151. Информација за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура), согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година, со Предлог-одлука за формирање на Работна група за подготовка на НАП за култура

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

152. Предлог-одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Јавното обвинителство на Република Македонија

153. Предлог-лиценца за приредување игри на среќа во обложувалница (на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод“ увоз-извоз ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Партизански Одреди“ бр.47 во Скопје)

**б) Политички систем**

154. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основно јавно обвинителство Штип

155. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

156. Предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за реализација на активностите од Договорот за мали придонеси потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Фондот за население на Обединетите нации

157. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

158. Предлог-одлука за доделување средства за академски универзитетски студии од втор циклус „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото,

економијата и политиките на ЕУ во странство за административни државни службеници, за академската 2018/2019 година

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

159. Предлог-закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

160. Ревидирани финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година на Агенцијата за супервизија на осигурување, со Извештај на независниот ревизор

161. Годишен извештај на Државниот завод за ревизија за 2017 година

162. Извештај за реализација на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија за 2017 година

163. Барање за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

164. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.63/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/2016), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

165. Иницијатива поднесена од адвокатката Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.66/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016)

166. Иницијатива поднесена од адвокатката Александра Илиева - Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.65/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 и член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015)

167. Понуда од нотарката Елена Ристовска од Штип за купопродажба на недвижен имот во Штип со Имотен лист бр. 919 и Имотен лист бр. 74827 за КО Штип 4 на КП бр. 9496 викано место/улица Град

168. Известување од извршителот Благојче Кипровски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 245/2014

**д) Други предлози**

169. Кадровски прашања

170. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

171. Информација за Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2017 година, со Годишен извештај, табеларни прегледи и дополнување

172. Тримесечен извештај за работата на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација „М – НАВ“ АД Скопје за периодот јануари-март 2018 година

173. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, за период од 1.1.2018 до 31.3.2018 година

174. Информација со Извештај за напредокот во спроведување на Проектот – Регионален портал на трговски регистри на Југоисточна Европа

175. Годишен извештај за работата на Државниот пазарен инспекторат за 2017 година

176. Известување од „МЖ Транспорт“ АД Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2018 година

177. Информација за напредокот и спроведувањето на Програмата за реформи на единиците на локална самоуправа во областа на животната средина

178. Информација за субјектите кои доставуваат податоци и информации до изработувачот на просторниот план, урбанистичкиот план, урбанистичко-планската и урбанистичко-проектна документација и примена на законската обврска истите да ги доставуваат навремено и бесплатно

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

179. Предлог-закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата

180. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција

181. Предлог-закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавно претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

182. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Македонија во периодот јануари- јуни 2018 година

183. Информација за потребата од усвојување на текстот на Договорот помеѓу Црна Гора и Република Македонија за уредување на меѓусебните имотно правни односи, со текст на Договор

184. Информација за склучување Програма за соработка во областа на културата меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за периодот 2018 - 2021 година, со усогласен текст на Програма

185. Информација во врска со реализацијата на средствата предвидени во Буџетот на Министерството за култура за 2018 година, за спомен обележје на Тодор Проески во Крушево, со Предлог-програма

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 80-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.7.2018 година.

*

*          *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

**Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- **Информација со Предлог- концепт за преговарачката структура**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-концепт за преговарачката структура и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за законодавство, да формира работна група за подготовка на актите со кои ќе се формираат и уредат работата и надлежностите на телата од преговарачката структура и истите да ги достави до Владата најдоцна до 4 септември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата, Министерството за финансии и

Секретаријатот за европски прашања, да подготви план за внатрешна организација на Постојаната мисија на Република Македонија при Европската Унија, план за кадровско зајакнување на Мисијата и финансиско зајакнување на Мисијата на Република Македонија во Брисел, најдоцна до 4 септември 2018 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да изврши мапирање на сите органи на државната управа и институции, организации од граѓанскиот сектор, академската заедница (универзитети, факултети, институти и научно-истражувачки центри), кои би биле вклучени во процесот на пристапни преговори, вклучително и скрининг процесот, за секое поглавје, подрачје, тема и под тема, најдоцна до 4 септември 2018 година.

4. Се задолжуваат главниот политички преговарач/шеф на државната делегација, како и заменикот на главниот политички преговарач/ главен технички преговарач/ шеф на техничкиот преговарачки тим да ги извршат потребните консултации со сите релевантни министерства/ институции и да го определат составот на работните групи за подготовка на преговори за оние поглавја кои ќе бидат предмет на експланаторен/објаснувачки скрининг во текот на 2018 година, најдоцна до 11 септември 2018 година.

5. Се задолжуваат главниот политички преговарач/шеф на државната делегација, како и заменикот на главниот политички преговарач/ главен технички преговарач/ шеф на техничкиот преговарачки тим, да ги извршат потребните консултации со сите релевантни министерства/ институции и да го определат составот на сите останати работни групи за подготовка на преговори, најдоцна до 29 октомври 2018 година.

Истовремено, Владата заклучи:

1. При формирање на структурите на групите за преговори, да се има предвид принципот на правична застапеност на заедниците.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да ја разгледа можноста и да подготви предлог-закон за изменување на Законот за административни службеници, во насока да се овозможи врвни експерти (кои што се надвор од институциите, а кои под одредени правила и само со ограничен број) да станат дел од преговарачките тимови во министерствата и во дополнителните работни тела.

- **Информација за организацијата, тековната состојба и идните цели на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (Acquis) при Секретаријатот за европски прашања, согласно одлуката за почеток на скрининг процесот и очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во јуни 2019 година**

Владата не расправаше по Информацијата за организацијата, тековната состојба и идните цели на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (Acquis) при Секретаријатот за европски прашања, согласно одлуката за почеток на скрининг процесот и очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во јуни 2019 година.

**Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

- **Информација за изградба на Пречистителна станица за третман на отпадни води во Општина Тетово**

Владата по Информацијата за изградба на Пречистителна станица за третман на отпадни води во Општина Тетово заклучи:

1. Формира работната група составена од претставници од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Општина Тетово, со цел на наредната седница на Владата да предложат решение за расчистување на депонијата во Тетово.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија во врска со ова прашање.

**-Информација за усогласена листа на Предлог-проекти за финансирање со кинеска грант помош во рамки на потпишаните Договори за економска и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со усогласена листа на Предлог-проекти**

Владата ја разгледа Информацијата за усогласена листа на Предлог-проекти за финансирање со кинеска грант помош во рамки на потпишаните Договори за економска и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со усогласена листа на Предлог-проекти и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја усвои усогласената листа на Предлог-проекти за финансирање со кинеска грант помош во рамки на потпишаните Договори за економска и техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина составена од Предлог-проектите „Зајакнување на капацитетите на службите за здравствена и социјална заштита во Република Македонија", како заеднички предлог од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика и „Подобрување на квалитетот на научно истражување на академскиот кадар и унапредување на образованието во областа на молекуларната биологија како резултат на донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија", како предлог од Лабораторијата за молекуларна биологија на Природно – математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, Предлог- проектите од заклучок број 1, во рок од пет дена, официјално да ги достави до Амбасадата на Народна Република Кина во Република Македонија за понатамошно разгледување од донаторот за финансирање.

- **Информација за отворени прашања од ИПА**

Владата не расправаше по Информацијата за отворени прашања од ИПА

**-Информација за статус на подготовката на Проектната задача за изработка на детален дизајн на проектот „Изградба на автопат Скопје – Блаце"**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на подготовката на Проектната задача за изработка на детален дизајн на проектот „Изградба на автопат Скопје – Блаце", како материјал за информирање.

**Статус на реализација на Рамковниот договор**

- **Информација за состојбата со правичната застапеност на вработените во Управата за јавни приходи (УЈП)**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените во Управата за јавни приходи (УЈП) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Управата за јавни приходи да изготви план за подобрување на состојбата на правичната застапеност на вработените во Управата за јавни приходи преку преземање на одреден број на вработени од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор согласно донесената одлука на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Управата за јавни приходи да изготви акциски план за да се спроведе подобрување на правичната застапеност на вработените согласно општата определба за подобрување на состојбите на ова поле во државата, се со цел за подобрување и на состојбите во вертикалната раководна поставеност на кадрите како во Генерална дирекција така и по регионалните дирекции на Управата за јавни приходи како една од определбите за унапредување и подобра искористеност на човечките ресурси со кои располагаме како општество.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, квартално да ја информира Владата на Република Македонија за преземените активности за подобрување на правичната застапеност на вработените во Управата за јавните приходи.

4. Се задолжуваат Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Управата за јавни приходи да подготват, и до Владата да достават целосна информација во врска со статусот на постапката за распределба на вработените по К 5 Програмата.

**-Информација за одбележување на годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да дефинира програма и технички детали за спроведување на програмата како и да ги превземе сите други активности за организација и одбележување на овој настан.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања да ги покријат трошоците за организацијата и одбележувањето на годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции –Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги Босут ДОО Куманово, ул. Народна револуција бр.350-Пчински/пат Куманово, Куманово, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги „Босут“ ДОО Куманово, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги „Босут“ ДОО Куманово со седиште на ул. Народна револуција бр.350-Пчински /пат Куманово, Куманово.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за преработка, производство, трговија и услуги „Бабам фуд“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола ул.Благојче Силјановски бр.29/46 Битола, Битола, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за преработка, производство, трговија и услуги „Бабам фуд“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за преработка, производство, трговија и услуги „Бабам фуд“ увоз-извоз ДООЕЛ Битола со седиште на ул. Благојче Силјановски бр.29/46 Битола, Битола.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за производство, трговија и услуги „Дадо хит 2015“ ДОО Штип ул. Гоце Делчев бр.34 Штип, Штип, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Дадо хит 2015“ ДОО Штип, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги „Дадо хит 2015“ ДОО Штип ул. Гоце Делчев бр.34 Штип, Штип.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции –Друштво за производство, трговија и услуги Амфенол технолоџи Македонија ДООЕЛ Кочани ул.Унгарска бр.9 Кочани, Кочани, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Амфенол технолоџи Македонија“ ДООЕЛ Кочани, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Амфенол технолоџи Македонија“ ДООЕЛ Кочани со седиште на ул. Унгарска бр.9 Кочани, Кочани.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции – Друштво за производство на делови и прибор за моторни возила „Руен-инокс автомобиле“ ДООЕЛ Кочани, ул. Тодосија Паунов бр.32 Кочани, Кочани, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство на делови и прибор за моторни возила „Руен-инокс автомобиле“ ДООЕЛ Кочани, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство на делови и прибор за моторни возила „Руен-инокс автомобиле“ ДООЕЛ Кочани со седиште на ул. Тодосија Паунов бр.32 Кочани, Кочани.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции – Друштво за производство и трговија „Вптекс Македонија“ ДООЕЛ Илинден ул.10 бр.63 Кадино, Илинден, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство и трговија „Вптекс Македонија" ДООЕЛ Илинден, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство и трговија „Вптекс Македонија" ДООЕЛ Илинден, со седиште на ул.10 бр.63 Кадино, Илинден.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции – Друштво за угостителство „Јаја индустри" ДООЕЛ Штип, ул.Кузман Јосифовски бр.3 Штип, Штип, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за угостителство „Јаја индустри" ДООЕЛ Штип, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за угостителство „Јаја индустри" ДООЕЛ Штип, со седиште на ул.Кузман Јосифовски бр.3 Штип, Штип.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Трговско друштво за производство, трговија и услуги Римес мс гроуп ДОО увоз-извоз Скопје ул.1632 бр.40 Скопје - Гази Баба, Гази Баба, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за производство, трговија и услуги „Римес мс гроуп" ДОО увоз-извоз Скопје.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за производство, трговија и услуги „Римес мс гроуп" ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.1632 бр.40 Скопје - Гази Баба, Гази Баба.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за трговија и услуги „Елитте софа" ДОО Скопје ул. Качанички пат, бб- Индустриска зона Визбегово, Бутел, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за трговија и услуги „Елитте софа“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за трговија и услуги „Елитте софа“ ДОО Скопје со седиште на ул. Качанички пат бб-Индустриска зона Визбегово, Бутел.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за производство, трговија и услуги „Ас фрут груп“ увоз-извоз ДОО Скопје ул. Браќа Галеви бр.6Б Скопје - Ѓорче Петров, Ѓорче Петров, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Ас фрут груп“ увоз-извоз ДОО Скопје, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Ас фрут груп“ увоз-извоз ДОО Скопје со седиште на ул. Браќа Галеви бр.6Б Скопје - Ѓорче Петров, Ѓорче Петров.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за производство, трговија и услуги „Еуро брик компани“ ДОО Велес ул. Раштански пат бр.1 Велес, Велес, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Еуро брик компани“ ДОО Велес, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Еуро брик компани“ ДОО Велес со седиште на ул. Раштански пат бр.1 Велес, Велес.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за градежништво услуги производство и трговија „Мн-плака“ ДООЕЛ увоз-извоз с. Радолишта, Струга ул.Населено место без уличен систем Радолишта, Струга, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за градежништво услуги производство и трговија „Мн-плака“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Радолишта Струга, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за градежништво услуги производство и трговија „Мн-плака“ ДООЕЛ увоз-извоз с. Радолишта Струга со седиште на ул. Населено место без уличен систем Радолишта, Струга.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции–Друштво за производство, трговија и услуги „Тотал принт“ ДООЕЛ Струмица ул. Климент Охридски бр.27 Струмица, Струмица, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Тотал принт“ ДООЕЛ Струмица, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Тотал принт“ ДООЕЛ Струмица со седиште на ул. Климент Охридски бр.27 Струмица, Струмица.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции–Друштво за производство, трговија и услуги „Бел бор еџо“ увоз-извоз ДООЕЛ с. Дебреште, Долнени ул. Населено место без уличен систем Дебреште, Долнени, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Бел бор еџо“ увоз-извоз ДООЕЛ с. Дебреште, Долнени, во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Бел бор еџо“ увоз-извоз ДООЕЛ с.Дебреште, Долнени со седиште на ул. Населено место без уличен систем Дебреште, Долнени.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции–Трговско друштво за услуги во печатењето „Данд арт“ ДООЕЛ Битола ул.Ѓуро Ѓаковиќ

бб Битола, Битола, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука за давање на согласност (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за услуги во печатењето „Данд-арт“ ДООЕЛ Битола, во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за услуги во печатењето „Данд арт“ ДООЕЛ Битола со седиште на ул. Ѓуро Ѓаковиќ бб Битола, Битола.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство, трговија, угостителство и услуги „Мам пром“ ДОО увоз-извоз с. Раброво Валандово, ул. Индустриска зона бр.28 Раброво, Валандово, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија, угостителство и услуги „Мам пром“ ДОО увоз-извоз с. Раброво Валандово (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија, угостителство и услуги „Мам пром“ ДОО увоз-извоз с. Раброво Валандово.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции – Друштво за производство, трговија и услуги „Мај фешн“ ДООЕЛ Кочани, ул. Јане Сандански бр.49 Кочани, Кочани, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Мај фешн“ ДООЕЛ Кочани (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Мај фешн“ ДООЕЛ Кочани.

## Точка 18

Владата ја разгледаИнформацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за графички услуги и промет „Про солушн“ ДООЕЛ Скопје ул.Благоја Стефковски бр.16 Скопје - Гази Баба, Гази Баба, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука  и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за графички услуги и промет „Про солушн“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за графички услуги и промет „Про солушн“ ДООЕЛ Скопје.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за производство трговија и услуги „Стара фурна“ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп ул. Спасе Темелкоски бр.8 Прилеп, Прилеп, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство трговија и услуги „Стара фурна“ увоз - извоз ДООЕЛ Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство трговија и услуги „Стара фурна“ увоз извоз ДООЕЛ Прилеп.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Трговско друштво за вработување на инвалидни лица - Заштитно друштво, производство, трговија и услуги „Алпин-ком“ ДОО извоз-увоз Делчево, ул. Вера Јоциќ 8, Делчево, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица - Заштитно друштво, производство, трговија и услуги „Алпин-ком“ ДОО извоз-увоз Делчево (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица - Заштитно друштво, производство, трговија и услуги Алпин-ком ДОО извоз-увоз Делчево.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции– Друштво за производство трговија и услуги Салса ДОО увоз-извоз Куманово ул. Драган Стопаревиќ бр.13 Куманово, Куманово, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство трговија и услуги Салса ДОО увоз-извоз Куманово (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство трговија и услуги Салса ДОО увоз-извоз Куманово.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство и трговија Фејдом фурнитуре ДОО Скопје ул.1550 бр.52 Скопје - Бутел, Бутел, со текст на Предлог - договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство и трговија Фејдом фурнитуре ДОО Скопје (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство и трговија Фејдом фурнитуре ДОО Скопје.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестици - Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги „Прима виста“ ДООЕЛ Виница ул. Индустриска бб Виница, Виница, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги „Прима виста“ ДООЕЛ Виница (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги „Прима виста“ ДООЕЛ Виница.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство и трговија „Дојран стил“ ДООЕЛ с.Николиќ Дојран ул.1 Николиќ, Дојран, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство и трговија „Дојран стил“ ДООЕЛ с.Николиќ Дојран (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство и трговија „Дојран стил“ ДООЕЛ с. Николиќ Дојран.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство, трговија и услуги „Нтк-макс“ ДООЕЛ увоз извоз Куманово ул. Никшичка бр.26 Куманово, Куманово, со текст на Предлог - договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Нтк-макс“ ДООЕЛ увоз извоз Куманово (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Нтк-макс“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции-Друштво за трговија и производство Макпрогрес ДОО Виница ул.Илинденска бб Виница, Виница, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за трговија и производство „Макпрогрес“ ДОО Виница (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за трговија и производство „Макпрогрес“ ДОО Виница.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство услуги „Лтх леарница“ ДООЕЛ Охрид ул.15-ти Корпус бр.89 Охрид, Охрид, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство услуги „Лтх леарница“ ДООЕЛ Охрид (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство услуги „Лтх леарница“ ДООЕЛ Охрид.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство, трговија и услуги „Кетрин“ ДООЕЛ Кочани ул. Бел камен бр.37 Кочани, Кочани, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Кетрин“ ДООЕЛ Кочани (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, трговија и услуги „Кетрин“ ДООЕЛ Кочани.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување Договор за доделување финансиска подршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции - Друштво за производство, сточарство, превоз, угостителство, трговија и услуги „Кожара менд“ експорт импорт ДООЕЛ Куманово ул.11-ти Ноември бр.282 Куманово, Куманово, со текст на Предлог-договор и Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договор за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, сточарство, превоз, угостителство, трговија и услуги „Кожара менд“ експорт-импорт ДООЕЛ Куманово (нов текст), во предложениот текст.

2. Се овластува д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во име на Владата да го потпише новиот текст на Договорот за доделување на финансиска подршка на Друштво за производство, сточарство, превоз, угостителство, трговија и услуги „Кожара менд“ експорт-импорт ДООЕЛ Куманово.

**Точка 30**

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика, Сузана Пенева, државна советничка во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 128**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Ширината“ с. Лаки, Општина Виница, „Жван“, Општина Демир Хисар и „Мерите“, Општина Штип, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр. 44-3104/1 од 12.6.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2018), со Предлог–решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „с. Раборци“, Општина Струмица, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – глина на локалитетот „с. Раборци“,

Општина Струмица бр. 44-4871/1 од 5.6.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/2018), со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Ројал Л“ – Царев Двор, Ресен, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Ројал Л“, со седиште во с. Царев Двор, Ресен од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 131**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел „Десарет“ - Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Десарет“ – Охрид, со седиште на ул. „Наум Охридски“ бр. 110, Охрид - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 132**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел „Мирор“ - Петровец, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Мирор“, со седиште на ул. 11 бр. 32, Петровец, Скопје - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 133**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со Предлог – деловник, ја усвои Информацијата и го усвои најновиот текст на Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, во предложениот текст.

**Точка 134**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Пирок-вон г.р., Општина Боговиње, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбаниситичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Пирок-вон г.р., Општина Боговиње, во предложениот текст.

**Точка 135**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2017 година за аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2017 година за аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

**Точка 136**

Владата ја разгледа Платформата за одржување на третата седница на Мешовитиот комитет по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, со цел натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи, со прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги прифати предлозите на експертската група дадени во прилозите 1, 2, 3 и 4 од Платформата, како основа за водење на преговори за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско - прехранбените производи по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина.

2. Го прифати Предлог-текстот на Одлуката за измена на Протоколот Ц по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, како Прилог 5.

3. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор задолжена за странски инвестиции, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за следење на спроведувањето на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина, да го парафира и потпише предлог-текстот на Одлуката за измена на Протоколот Ц по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, за време на одржување на Третата седница на Мешовитиот комитет.

4. Се овластува Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за следење на спроведувањето на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина, да парафира и потпише правен акт за време на одржување на Третата седница на Мешовитиот комитет, во форма на предлог-одлука за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбените производи по Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, откако експертските групи на двете земји согласно мандатот за преговори даден во оваа платформа, ќе ги усогласат предлозите во прилозите 1, 2, 3 и 4.

**Точка 137**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со можноста за давање на трајно користење на објекти на Здружението Планинарски клуб „Зелен брег“ - Кавадарци, со Предлог–одлука, го усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење недвижни ствари на Здружението Планинарски клуб „Зелен брег“ - Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 138**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Република Македонија на Федерација на планинарски сојуз на Република Македонија, со Предлог-одлука, поради потребата да се постапи по укажувањето изнесено во Извештајот на Комисијата за економски

систем и тековна економска политика, односно Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави одлука со која ќе се произнесе дека нема потреба од користење на предметниот деловен простор.

**Точка 139**

Владата ја разгледа Информацијата за актуелни состојби и поважни политики на Европската Унија во 2017 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи во рок од 15 дена да ја достави Информацијата до Комисијата за европски прашања и до Комисијата за надворешна политика при Собранието на Република Македонија, за информирање.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Договорот меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА (EUROJUST) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува Ленче Ристоска, јавна обвинителка во Јавното обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за обвинител за врска со ЕВРОПРАВДА (EUROJUST).

2. Се задолжува Министерството за правда да ја извести ЕВРОПРАВДА (EUROJUST) за определувањето на Ленче Ристоска, јавна обвинителка во Јавното обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите за обвинител за врска со ЕВРОПРАВДА (EUROJUST).

**Точка 141**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за барање за упатување на предметот Љатифи против Република Македонија, А.бр. 19017/16, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 17.5.2018 година до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права, ја усвои и заклучи да поднесе барање за упатување на пресудата од 17.5.2018 на Европскиот суд за човекови права во случајот Љатифи против Република Македонија, А.бр. 19017/16, на преиспитување до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права.

**Точка 142**

Владата го разгледа Предлог–законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Венко Филипче, министер за здравство и Асим Муса, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Анка Георгиевска, раководителка на сектор во Министерството за здравство.

**Точка 143**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања помеѓу Министерството за

труд и социјална политика и Министерството за финансии во врска со очекуваниот финансиски ефект кој би настанал како последица на предложеното изменување и дополнување на Законот.

**Точка 144**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование за учебната 2018/2019 година, во предложениот текст.

**Точка 145**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидираниот оперативен план за активни програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

**Точка 147**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Акцискиот план за формализирање на неформалната економија во Република Македонија 2018-2020 година, со Акциски план, Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Народната банка на Република Македонија, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за труд, Државниот пазарен инспекторат, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Централниот регистар на Република Македонија и Заедницата на единиците на локална самоуправа, на годишно ниво да ја информира Владата за имплементација на Акцискиот план за формализирање на неформалната економија во Република Македонија 2018-2020 година, почнувајќи од април 2019 година.

3. Ја донесе Одлуката за формирање на Координативно тело одговорно за координирање на спроведувањето на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, во предложениот текст.

4. Предлог-решението за назначување на членови на Координативно тело одговорно за координирање на спроведувањето на Стратегијата за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, да се разгледа на наредната седница на

Владата, откако претходно истото ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

Истовремено, Владата заклучи, сите идни активности прикажани во Акцискиот план, од страна на надлежните институции да бидат димензионирани и да се реализираат во согласност со обезбедените средства за нивна имплементација.

## Точка 148

Владата ја разгледа Информацијата за потребните вработувања и финансиски средства за Здравствен дом Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 149

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Реконструкција на кров на објектот ЈЗУ Завод за нефрологија, Струга",со Акциски план, го усвои и го прифати Акцискиот план за проектот „Реконструкција на кров на објектот ЈЗУ Завод за нефрологија, Струга"

## Точка 150

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги „Фармаролли" ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги „Фармаролли" ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 151

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од формирање на Работна група за подготовка на Национален акциски план за култура (НАП за култура), согласно Стратегијата за Роми 2014-2020 година, со Предлог-одлука за формирање на Работна група за подготовка на НАП за култура за наредната седница на Владата, поради потребата по материјалот мислења да доставaт Министерството за култура и Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 152

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Јавното обвинителство на Република Македонија (метал детектор), во предложениот текст.

## Точка 153

Владата ја издаде Лиценцата за приредување игри на среќа во обложувалница (на Друштвото за производство, градежништво, услуги, угостителство и трговија „Глобалкод" увоз-извоз ДОО Скопје за деловната просторија на ул. „Партизански Одреди" бр.47 во Скопје), во предложениот текст.

**Точка 154**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основно јавно обвинителство Штип, во предложениот текст.

**Точка 155**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

**Точка 156**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за реализација на активностите од Договорот за мали придонеси потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Фондот за население на Обединетите нации, во предложениот текст.

**Точка 157**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 158**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување средства за академски универзитетски студии од втор циклус „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство за административни државни службеници, за академската 2018/2019 година за наредната седница на Владата, поради потребата на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој да се разгледа новиот текст на Предлог–одлуката доставен, согласно ново доставените мислења по материјалот.

**Точка 159**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог–законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 160**

Владата ги разгледа Ревидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2017 година на Агенцијата за супервизија на осигурување, со Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следното мислење:

Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-њ став (1) од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор, а според став (3) од истиот член, Собранието на Република Македонија ги усвојува финансиските извештаи за претходната година и финансискиот план.

Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2017 година се изготвени согласно Законот за сметководство на непрофитни организации и се ревидирани од независниот ревизор.

Билансот на приходи и расходи ја отсликува состојбата на приходите и расходите на Агенцијата според нивниот обем и структура. Во 2017 година Агенцијата остварила приходи од работење во износ од 73,6 милиони денари кои се за 2,5% повисоки од приходите во 2016 година и расходи во износ од 61,7 милиони денари кои пак се за 44% помали од 2016 година. Намалувањето на расходите е резултат на намалување на ставката за капиталните и други средства која во 2017 година изнесувала 9,4 милиони денари, а во 2016 година 51,8 милиони денари. Агенцијата во 2017 година остварила добивка во износ од 11,8 милиони денари.

Во вкупните приходи од работењето најголемо е учеството на приходите од надоместоци кои изнесуваат 73,3 милиони денари. Во вкупните расходи на Агенцијата за 2017 година, највисоко е учеството на расходите за плати и други надоместоци кои изнесуваат 28,2 милиони денари и се за 1,8% повисоки од 2016 година. Другите расходни ставки, материјални расходи и останати расходи бележат намалување за 18% односно 38% во однос на претходната година.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2017 година, ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата, поради што, Владата на Република Македонија нема забелешки.

**Точка 161**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2017 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година. Собранието на Република Македонија го разгледува Годишниот извештај и по истиот усвојува заклучоци.

Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршени ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Според доставениот Годишен извештај, Државниот завод за ревизија во изминатата 2017 година извршил вкупно 58 ревизии од кои 48 се финансиска ревизија и ревизија на усогласеност, 6 тематски ревизии и 4 ревизии на успешност. При вршењето на ревизиите биле опфатени 183 субјекти, од кои 48 субјекти при вршење на ревизии на финансиски извештаи, 22 субјекти при вршење на тематски ревизии и 113 субјекти при вршењето на ревизии на успешност. За извршените ревизии, Државниот завод за ревизија издал 89 ревизорски извештаи.
По извршените ревизии, Државниот завод за ревизија дал 789 препораки, од кои за 372 дадени препораки не е изминат законскиот рок за известување за преземените мерки, а за останатите 417 препораки за кои рокот за добивање повратни информации

за спроведување е изминат, 108 се целосно или делумно спроведени, 27 препораки не се спроведени, а за 282 препораки субјектите не дале повратна информација за преземените мерки.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2017 година изнесувал 94,8 милиони денари од кои 90.8 милиони денари (96%) се обезбедени од централниот буџет, а останатите 4,0 милиони денари (4%) се од сопствени приходи. Во вкупниот буџет не е земен предвид износот од 9.9 милиони денари средства обезбедени од донација одобрена од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Составен дел на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија се и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на работењето на Државниот завод за ревизија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Проектот МАК 12/2015 „Имплементација на систем за управување со ревизија". Ревизиите се извршени од страна на друштвото за ревизија „РСМ Македонија" ДООЕЛ Скопје.

Според мислењето на ревизорот, финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија објективно од сите материјални аспекти ја презентираат финансиската состојба и законското користење на средствата во 2017 година. Ревизорот дава позитивно мислење и по извршената ревизија на финансиските извештаи на Проектот МАК 12/2015 „Имплементација на систем за управување со ревизија".

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2017 година, со укажување на потребата во иднина Државниот завод за ревизија при прикажување на вкупниот износ на сопствениот буџет во извештајот да ги земе предвид и износите на средствата одобрени од донации.

**Точка 162**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 13 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 80/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2015, 152/2015, 27/2016, 31/2016 и 64/2018) Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година проследен со финансиско – сметководствени извештаи изработени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, Управниот одбор на Агенцијата ги усвојува најдоцна до 25 февруари секоја година, а според став (5) од овој член Извештајот од независен ревизор се доставува до Управниот одбор на Агенцијата најдоцна до 1 јуни секоја година.

Според став (6) од истиот закон, Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за претходната година, Управниот одбор на Агенцијата го доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 јуни заедно со Извештајот од независен ревизор.

Согласно наведеното во Извештајот за остварениот финансиски резултат за 2017 година на Агенцијата за цивилно воздухопловство, дел 1.2 Биланс на успехот (Извештај) за добивка и загуба) за периодот од 1.1.2017 година, заклучно со

31.12.2017 година (по групи на сметки), во 2017 година Агенцијата остварила вкупни приходи во износ од 196.409.938 денари и вкупни расходи во износ од 164.625.466 денари.

Од друга страна, согласно наведеното во дел 1.7 Споредбен преглед на планираните и остварените приходи и расходи за периодот од 1.1.2017 година, заклучно со 31.12.2017 година вкупните расходи од работењето се прикажани на износ од 167.705.512 денари, во дел 4.2 Расходи (текстуален дел) вкупните расходи од работењето се прикажани на износ од 164.759.652 денари, додека во Споредбениот преглед на расходите за периодите, заклучно со 31.12.2017 година и заклучно со 31.12.2016 година во истиот дел 4.2 вкупните расходи од работењето се прикажани на износ од 167.705.512 денари. Исто така и во дел 5. Споредбен преглед на планираните и остварените приходи и расходи за периодот од 1.1.2017 година, заклучно со 31.12.2017 година, вкупните расходи од работењето се прикажани на износ од 167.705.512 денари.

Од доставениот материјал, произлегува дека постои неусогласеност во податоците наведени во горенаведените прегледи.

Понатаму, согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја прикажуваат веродостојно и објективно, во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија на 31 декември 2017 година, како и неговата финансиска успешност и паричните текови за годината која завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Македонија, со нагласување на прашањето поврзано со упис на основачкиот капитал.
Врз основа на претходно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека е потребно Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија да извести за активностите кои се преземаат од страна на надлежните органи за постапување по дадените забелешки од страна на независниот ревизор, како и да ги образложи причините за неусогласеност во податоците за вкупните расходи од работењето за 2017 година и утврдената разлика.

## Точка 163

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 15 став (2), а во врска со член 15 став (4) алинеи 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2015), поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од член 11 став (2) и став (4) алинеја 3, 4 и 6 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013, 163/2013, 44/2015, 193/2015, 226/2015 и 30/2016), кои се јасни и прецизни Владата на Република Македонија смета дека нема потреба од давање на автентично толкување на законските одредби и дава негативно мислење по предметното Барање поднесено од градоначалникот на Општина Ново Село.

## Точка 164

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.63/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и

здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/2016), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата подносителот наведува дека согласно член 3 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/2015), во член 17-ж ставот 1 се брише.

Ставот 2 од истиот член кој гласи „Против решението на Министерството за труд и социјална политика со кое е одбиено барањето за полагање на стручен испит кандидатот може да поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“, станува став 1.

Понатаму, во Иницијативата се наведува дека со членот 2 став (1) Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3020/2016), во членот 17-ж став (1) зборовите „Министерот надлежен за работите од областа на трудот или од него овластено лице“ се заменуваат со зборовите „Министерството за труд и социјална политика“.

Оттука, според подносителот со членот 2 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2016) се менува во дел одредба која е избришана од правниот промет, притоа имајќи ја предвид одредбата од членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/2015). Според подносителот така конципираната одредба може да доведе во заблуда при операционализација на самата одредба, како и одредбите од Законот, па оттаму ја поднесува Иницијативата за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2016).

Во врска со горенаведеното, а од причини што станува збор за технички пропуст од кој произлегува правната неповрзаност на горенаведените одредби, а од аспект на целисходност на постапката, Владата смета дека посоодветно е ваквиот пропуст да се исправи со првата наредна измена на Законот, отколку да биде поведена постапка за оценување на уставноста на оспоруваниот член пред Судот.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2016).

## Точка 165

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатката Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.66/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Од наводите во Иницијативата произлегува дека подносителот на истата смета дека во оспорените одредби на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за

едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016), со кој се уредуваат одредби за вршење на контрола на регистрационите агенти со непосредна теренска контрола од страна на службени лица вработени во Централниот регистар на Република Македонија, овластени од директорот на Централниот регистар на Република Македонија се задира во самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба, со оглед дека регистрациони агенти може да бидат и адвокати. Воедно, подносителот на Иницијативата смета дека со контролата во просториите на адвокатите кога имаат овластување за регистрациони агенти се повредува правото на нивните клиенти за заштитата на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Имајќи го предвид претходно наведеното, подносителот на Иницијативата му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја разгледа поднесената иницијатива, да спроведе постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016) и да истиот да го укине како спротивен на членот 18 став 2 и членот 53 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 18 став 2 од Уставот на Република Македонија, на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Според член 53 од Уставот на Република Македонија, адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.

Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016), по членот 34-д се додаваат четири нови члена 34-ѓ, 34-е, 34-ж и 34-з, со кои се уредува контролата на регистрационен агент.

Според член 34-ѓ став (1) од истиот закон, Централниот регистар на Република Македонија врши контрола на носителот на овластување регистрационен агент, во однос на исполнетоста на критериумите за добивање на овластување, постапувањето при поднесување на пријава за упис и извршувањето на услугите за упис преку Системот за е-регистрација.

Според став (2) од овој член, контролата од ставот (1) на овој член се спроведува по службена должност или по претходно поднесена пријава, со претходна најава или ненајавено. Контролата се спроведува теренски преку непосредна проверка во просториите на носителот на овластувањето и преку евидентираните податоци во регистрите.

Според став (3) од овој член, Централниот регистар на Република Македонија изготвува Годишен план за контрола и на својата веб-страница објавува листа на субјекти кои ќе бидат предмет на контрола и временскиот период во кој ќе се спроведе истата. Дополнително, субјектите предмет на контролата ги известува и преку евидентираната адреса на електронско сандаче.

Според член 34-е од истиот закон, непосредната теренска контрола опфаќа проверка: на идентичноста на податоците содржани во пријавата и прилозите поднесени преку

Системот за е-регистрација, со податоците содржани во прилозите доставени до регистрациониот агент од субјектот на упис; на исполнетоста на критериумите определени со членот 34-а од овој закон и дали за извршената услуга за поднесување на пријавата за упис на основање трговец поединец и трговско друштво постапува согласно со членот 35 став (7) од овој закон и во постапувањето согласно со членот 82 став (4) од Законот за трговските друштва.

Според член 34-ж од истиот закон, непосредната теренска контрола ја спроведуваат службени лица вработени во Централниот регистар на Република Македонија, овластени од директорот на Централниот регистар на Република Македонија.

Според член 34-з став (1) од истиот закон, регистрационите агенти се должни на овластеното службено лице од членот 34-ж од овој закон, да му обезбедат услови за спроведување на контролата, како и да му овозможат увид во потребните исправи и податоци.

Според став (2) од овој член, за спроведената контрола, овластеното службено лице составува записник во кој се евидентира утврдената фактичка состојба. Записникот го потпишуваат овластеното службено лице и контролираниот регистрационен агент.

Според став (3) од овој член, доколку регистрациониот агент одбие да го потпише и прими записникот, одбивањето не е од значење за поведување постапка за одземање на овластувањето.

Според став (4) од овој член, доколку при спроведувањето на контролата се утврди неисполнување на критериумите предвидени во членот 34-а од овој закон или непостапување согласно со членот 82 став (4) од Законот за трговските друштва, овластеното службено лице со записник го задолжува регистрациониот агент во рок од 15 дена да ги отстрани утврдените недостатоци.

Според став (5) од овој член, овластеното службено лице доколку утврди повреда на членот 35 став (7) од овој закон, во записникот ќе констатира дека ќе се поведе постапка за донесување решение за одземање на овластувањето регистрационен агент.

Според став (6) од овој член, примерок од записникот од ставот (2) на овој член, овластеното службено лице му доставува на контролираниот субјект на денот на спроведувањето на контролата.

Оттука, по однос на оспорените одредби на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр.53/2016) со кој се уредуваат одредби за вршење на контрола на регистрационите агенти од страна на службени лица вработени во Централниот регистар на Република Македонија, овластени од директорот на Централниот регистар на Република Македонија, се укажува дека согласно член 34-а од Законот, се утврдени критериуми за добивање на овластување регистрационен агент, кои доколку се исполнети согласно член 34-в став (5) од Законот, Централниот регистар со подносителот на барањето за добивање на овластување на регистрационен агент потпишува договор за користење на Системот за е-регистрација и донесува решение за овластување регистрационен агент. Во оваа смисла, се укажува со оглед дека Централниот регистар на Република Македонија со решение го овластува регистрациониот агент доколку ги исполнува законските критериуми, има право да врши контрола врз неговото работење без разлика дали се работи за адвокат со оглед

дека истиот при контролата е во својство на регистрациониот агент и контролата е во поглед на тоа дали истиот ги исполнува критериумите за добивање на овластување, во однос на постапувањето при поднесување на пријава за упис и извршувањето на услугите за упис преку Системот за е-регистрација и со тоа не се задира во самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба и во личниот интегритет на клиентите на адвокатите, што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците, ниту ги доведува во правна положба на подреденост на вработените на Централниот регистар на Република Македонија. Ова, дотолку повеќе што согласно член 34-в од Законот, за лицето да добие овластување регистрационен агент треба да поднесе барање до Централниот регистар, со соодветна документација, врз основа на критериумите во Законот кои треба да ги исполнува. Имено, едни од критериумите за добивање на овластување регистрационен агент утврдени во член 34-а од Законот, се да исполнува одредени техничко-технолошки услови и опрема соодветни за остварување на овластувањето и да има потпишано изјава за заштита на личните податоци пред почетокот на работата, со што адвокатот треба да има посебна техничка опрема за вршење на работите како регистрационен агент, со што би биле заштитени податоците на другите клиенти.

Подносителот на Иницијативата ја оспорува надлежноста на Централниот регистар на Република Македонија за вршење контрола над регистрациониот агент, воведена со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 53 од 21.3.2016 година) од аспект на обврската за регистрациониот агент да ги чува конвертираните прилози (исправи и докази) во времетраење од 5 години, а потоа истите ги предава во Државниот архив на Република Македонија, со образложение дека контролата која ја врши Централниот регистар е во спротивност со членот 18 став 2 од Уставот на Република Македонија, врз основа на свое лично толкување на членот 66 од Законот за трговските друштва, со кој е утврден обемот на овластувањето на полномошното кое му се дава на регистрациониот агент од страна на законскиот застапник на друштвото, а во корелација со членот 34-е алинеја 4 и член 34-з став 4 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица што како последица врз основа на извршената контрола, со истиот Закон, според членот 34-д, предвидено е право за Централниот регистар на Република Македонија да го одземе овластувањето регистрационен агент, доколку кај истиот врз основа на непосредна теренска контрола биде утврдено дека не постапува во согласност со обврската за чување на конвертираните прилози (исправи и докази) во времетраење од 5 години, утврдена со членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва.

Во овој контекст, битно е да се наведе дека обврската за регистрациониот агент да постапува според членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, не произлегува од полномошното кое го има добиено од страна на законскиот застапник на друштвото за поднесување пријава за упис преку Системот за е-регистрација, поради што не би можело оваа обврска да се толкува дека излегува од рамките на издаденото полномошно. Почитувањето и постапувањето според членот 82 став 4 од Законот за трговски друштва, на начин и во согласност со соодветните законски прописи за заштита на личните податоци при нивно користење и обработување, како и во согласност со членот 18 став 2 од Уставот на Република Македонија, произлегува од критериумите за добивање овластување регистрационен агент, утврдени во членот 34-а од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, за кои Законот предвидува дека барателот на овластувањето „регистрационен агент" има законска обврска да ги исполнува се додека е носител на законски доделеното овластување „регистрационен агент", кое што е временски неограничено. Еден од критериумите, предвиден во овој член (34-а

став 1 точка 4) е за добивање овластување за регистрационен агент, лицето, меѓу останатите критериуми, треба:
-да има потпишано Изјава за заштита на личните податоци пред почетокот на работата и дека ќе ги почитува правилата за поднесување пријава за упис определени со закон.

Со потпишување на Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, чиј основ е членот 34-а од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и членот 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување и тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2009), регистрациониот агент се обврзува дека:
-ќе ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
-ќе ги применува техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
-ќе врши обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Централниот регистар на Република Македонија и Дирекцијата за заштита на личните податоци;
-на неовластени лица во Регистрациониот агент и трети лица надвор од Регистрациониот агент нема да издава било каков податок од личните податоци или било каков друг податок кој му е достапен и кој го дознал или ќе го дознае при работата при упис на основање, промена и бришење на сите форми на трговски друштва определени со Законот за трговските друштва во единствениот трговски регистар и
-ке ги почитува правилата за поднесување пријава за упис определени со закон.

На овој начин, со потпишувањето на Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, за регистрациониот агент е предвидена обврска да постапува согласно одредбите од глава V од Законот за заштита на личните податоци, во својство „корисник" според дефиницијата од членот 2 точка 8 од овој закон, со цел придржување кон и почитување на одредбите со кои се предвидени конкретни мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, со што одредбата од членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, која има можност да се применува исклучиво во корелација со одредбите од членовите 34-а, 34-б, 34-в, 34-г, 34-д, 34-ѓ, 34-е, 34-ж и 34-з од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во ниту еден дел не го оспорува, ниту пак е во спротивност воопшто, со членот 18 од Уставот на Република Македонија.

Воедно, тврдењата на подносителот на Иницијативата дека контролата согласно оспорениот член 34-ѓ од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, која се врши над адвокатурата како самостојна и независна јавна служба, е во спротивност со членот 53 од Уставот на на Република Македонија, бидејки истата се спроведувала без судски налог или судска наредба, исто така се неосновани.

Ова од аспект дека се врши контрола над исполнетоста на критериумите за добивање овластување „регистрационен агент", а не на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба, која се стекнува врз основа на конкретно предвидени услови утврдени со Законот за адвокатура и која меѓу останатите функции што ги има согласно овој закон, во рамки на дефиницијата за правна помош, која ја дава врз основа на полномошно издадено од странката, може да врши и составување договори за основање, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето или работењето на деловните субјекти, за соодветен паричен надоместок, утврден со

Тарифата за наградата и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, кој го донесува Адвокатската комора на Република Македонија.

Во овој контекст, неосновани се наводите од подносителот на Иницијативата, според кои надлежноста за спроведување контрола од страна на овластени службени лица од Централниот регистар на Република Македонија, над исполнетоста на критериумите за поседување овластување „регистрационен агент“ согласно членовите 34-ѓ, 34-е, 34-ж и 34-з од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица од аспект на членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, ја поистоветува со одредбите за вршење претрес во канцеларијата на адвокатот, врз основа на решение за претрес донесено од надлежен судија во кривична постапка, согласно членот 23 од Законот за адвокатура.

Ова од причина што, обврската за регистрационите агенти, отпочната со примена од 1.11.2015 година, за чување на соодветна документацаија, во времетраење од 5 години, се однесува единствено на конвертирани прилози (исправи и докази) т.е. станува збор за чување исправи и докази, во конвертирана форма, составен дел кон прилозите за упис на основање, промена и бришење на трговски субјект, за кои со Законот за едношалтерски систем и Законот за трговските друштва е предвидено нивно поднесување исклучиво во електронска форма, преку Системот за е-регистрација.

По исклучок, пријавата за упис се поднесува во хартиена форма кога уписот се врши врз основа на правосилна судска одлука или одлука на орган на државна управа. Во тој случај, според член 84 став 3 од Законот за трговските друштва, поднесувањето на податоците за упис се врши во писмена форма, а не во електронска форма.

Во овој контекст, битно е да се потенцира дека според членот 35-а од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица прилозите кои изворно се составени во електронски облик од подносителот на Пријавата, кој може да биде лице кое со закон е овластено да поднесува пријава за упис, или пак во негово име регистрациониот агент, доколку се потпишани од страна на еден од нив, со електронски потпис, имаат значење на оригинал, додека прилозите кон пријавата за упис кои се составени во хартиена форма мора да ги конвертираат, односно пренесат како целина во електронска форма, со што овие прилози потпишани со електронски потпис на подносителот од членот 34 став (2) од овој Закон, имаат значење на заверен препис од оригиналот.

Што значи, одредбата од членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, предвидува обврска за регистрациониот агент да ги чува конвертираните прилози (исправи и докази) кон Пријавата за упис, кои согласно Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица имаат значење на заверен препис од оригиналот, во времетраење од 5 години, а потоа истите ги предава во Државниот архив на Република Македонија.

Начинот и трошокот за чување на конвертираните прилози (исправи и докази) од страна на регистрационите агенти, не е предмет на уредување на Законот за трговските друштва, од причина што законодавецот сметал дека нивното чување во времетраење од 5 години, не предизвикува значителен трошок, ниту пак бара комплициран, односно сложен пристап за нивно меморирање и евидентирање, како посебна електронска база на податоци, креирана од самиот подносител на пријавата, конкретно во случајов регистрациониот агент, за кој законодавецот сепак имал оставено преоден период од пет месеци, за нивно подготвување, со цел реализирање на оваа обврска.

Во овој дел, законодавецот има предвидено дополнителна надлежност за Централниот регистар на Република Македонија, за вршење контрола над регистрациониот агент, утврдена со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53 од 21.3.2016 година) и членот 18-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за Централниот регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.27 од 15.2.2016 година), која во ниту еден дел не ја оспорува независноста и самостојноста на адвокатурата утврдена со членот 53 од Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорените одредби на членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2016), се во согласност со членот 18 став 2 и членот 53 од Уставот на Република Македонија, при што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како неоснована.

**<u>Точка 166</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Александра Илиева - Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.65/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 и член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Во Иницијативата се оспорува на член 6 и член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015), во смисла дека истите не се во согласност со член 18 и член 52 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Имено подносителот во Иницијативата наведува дека членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015) не е во согласност со членот 18 став 2 од Уставот на Република Македонија, според кој на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Согласно оспорениот член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015 објавен на 28.5.2018 година, почнува со примена пет месеци покасно, односно од 1 ноември 2015 година) воведена е обврска на регистрациониот агент да ги чува конвертираните прилози (исправи и докази) пет години а потоа истите да ги предаде во Државниот архив на Република Македонија ( член 82 став (4) од Законот).

Станува збор за податоци за секој запишан субјект, содржани во збирката прилози, во која што се приложуваат исправите и доказите, кон пријавата за упис, внесени во трговскиот регистар, за кои е предвидена законска обврска за трајно да бидат чувани, почнувајќи со примената на основниот текст од Законот за трговските друштва, од 31.12.2004 година.

Согласно член 82 став (1) од Законот за трговските друштва, трговскиот регистар како јавна книга содржи податоци и прилози (исправи и докази) за субјектите на уписот за кои уписот е пропишан со закон, а според ставот (2) од истиот член, трговскиот регистар се состои од регистарска влошка (класер) во којашто се запишуваат податоците на упис и збирка на прилози во којашто се приложуваат исправите и доказите на секој запишан субјект. Сите поднесоци се внесуваат во збирката на прилози на запишаниот субјект. Согласно став (3) од истиот член, запишаните податоци и доставените прилози (исправи и докази) во трговскиот регистар се чуваат трајно.

Во оваа смисла со ново додадениот став (4) во членот 82 од Законот со оспорениот член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015), се прецизира кои документи и од каков вид има обврска времено да ги чува регистрациониот агент и воедно се врши усогласување со одредбите од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Наводите од Иницијативата дека со оспорениот член 6 од Законот за трговските друштва се повредува правото за заштита на личните податоци загарантирани со Уставот на Република Македонија се неосновани, бидејќи стекнувањето со овластување „регистрационен агент“, од страна на Централниот регистар на Република Македонија претходи на постапка за утврдување на исполнувањето точно предвидени критериуми за добивање овластување „регистрационен агент“.

Согласно член 2 точка 12-а од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица „регистрационен агент“ е трговец поединец или трговско друштво кое е регистрирано за вршење на сметководствена дејност, адвокат и адвокатско друштво кои имаат овластување за поднесување пријава за упис преку Системот за е-регистрација.

Во оваа смисла во членот 92 од Законот за трговските друштва уредена е постапката во трговскиот регистар за упис при што во ставот (1) од овој член е уредено дека истата се поведува со поднесување на пријава на пропишан образец во која е содржано барањето за упис. Пријавата се поднесува од овластен подносител во електронска форма потпишана со електронски потпис преку Системот за е-регистрација и поднесена согласно со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица. По исклучок, пријавата за упис врз основа на правосилна судска одлука или одлука на државен или друг надлежен орган, како и пријава за упис на субјекти кои не се опфатени со овој закон, се поднесува во писмена форма. Според ставот (2) од истиот член, пријава за упис на трговско друштво поднесува органот на управување, односно овластен член на органот на управување, освен ако со овој закон поинаку не е определено, а според ставот (3) од овој член, пријавата од ставот (2) на овој член, може да ја поднесе и полномошник со полномошно дадено од овластениот подносител, во писмена форма заверена кај нотар, или дадено во електронска форма потпишано со негов електронски потпис или заверено со електронски потпис на регистрациониот агент којшто ја поднесува пријавата за упис преку Системот за е-регистрација. Согласно ставот (4) од истиот член доколку пријавата се поднесува преку регистрационен агент преку Системот за е-регистрација полномошното од ставот (3) на овој член не се заверува на нотар.

За добивање овластување „регистрационен агент“, Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица меѓу останатите критериуми во членот 34-а предвидува, дека лицето е потребно да има

потпишано Изјава за заштита на личните податоци, пред почетокот на работата и дека ќе ги почитува правилата за поднесување Пријава за упис определени со закон, која што ја поднесува во прилог кон Барањето за добивање овластување „регистрационен агент“, така што Централниот регистар има право да го одбие Барањето, доколку лицето не го исполнува овој критериум (член 34-г), како и по добивањето овластување, Централниот регистар на Република Македонија со решение може да го одземе овластувањето за регистрационен агент во случаите кога носителот на овластувањето ќе престане да го исполнува овој критериум и во случај кога носителот на овластувањето не ги почитува правилата за поднесување на пријавата за упис определени со закон (член 34-д), врз основа на претходно спроведена контрола од страна на Централниот регистар (член34-ѓ и член 34-е).

Со потпишување на Изјавата за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, чиј основ е членот 34-а од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица и членот 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување и тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/2009), регистрациониот агент се обврзува дека:
-ќе ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
-ќе ги применува техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
-ќе врши обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Централниот регистар на Република Македонија и Дирекцијата за заштита на личните податоци;
-на неовластени лица во Регистрациониот агент и трети лица надвор од Регистрациониот агент нема да издава било каков податок од личните податоци или било каков друг податок кој му е достапен и кој го дознал или ќе го дознае при работата при упис на основање, промена и бришење на сите форми на трговски друштва определени со Законот за трговските друштва во единствениот трговски регистар и
-ќе ги почитува правилата за поднесување пријава за упис определени со закон.

На овој начин, со потпишувањето на Изјавата, за Регистрациониот агент е предвидена обврска да постапува согласно одредбите од глава V од Законот за заштита на личните податоци , во својство на „корисник“ според дефиницијата од членот 2 точка 8 од овој Закон, со цел придржување кон и почитување на одредбите со кои се предвидени конкретни мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, со што оспорената одредбата од членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, која има можност да се применува исклучиво во корелација со одредбите од членовите 34-а, 34-в, 34-г, 34-д, 34-ѓ и 34-е од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица во ниту еден дел не го оспорува, ниту пак е во спротивност со членот 18 од Уставот на Република Македонија, со кој „Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето информации за нив преку обработка на податоците.

Наводите од Иницијативата дека обврската за чување на конвертираните прилози (изводи и докази) кон пријавата за упис од трговскиот регистар, сега е префрлена на регистрационите агенти, е контрадикторна со самиот навод од Иницијативата на стр.2, каде е наведено дека се воведува паралелен регистар на податоци. Ова од причина што, обврската за трајно чување на запишаните податоци и доставените прилози (исправи и докази) во трговскиот регистар е воведена со стапување во сила на Законот за трговските друштва, почнувајќи од 31.12.2004 година, додека обврската за чување на конвертираните прилози (исправи и докази) за регистрационите агенти,

во времетраење од пет години, е отпочната со примена од 1.11.2015 година. Притоа, за регистрационите агенти чувањето на прилозите (исправи и докази) во конвертирана форма, кон прилозите за упис на основање, промена и бришење на трговски субјект, за кое Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица има предвидено постапка за нивното поднесување исклучиво во електронска форма, преку Системот за е-регистрација.

По исклучок, пријавата за упис се поднесува во хартиена форма кога уписот се врши врз основа на правосилна судска одлука или одлука на орган на државна управа. Во тој случај, според член 84 став 3 од Законот за трговските друштва, поднесувањето на податоците за упис се врши во писмена форма, а не во електронска форма.

Во овој контекст, битно е да се потенцира дека според членот 35-а од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица прилозите кои изворно се составени во електронски облик од подносителот на Пријавата, кој може да биде лице кое со закон е овластено да поднесува пријава за упис или пак во негово име регистрациониот агент, доколку се потпишани од страна на еден од нив, со електронски потпис, имаат значење на оригинал, додека прилозите кон пријавата за упис кои се составени во хартиена форма мора да ги конвертираат, односно пренесат како целина во електронска форма, со што овие прилози потпишани со електронски потпис на подносителот од членот 34 став (2) од овој Закон, имаат значење на заверен препис од оригиналот.

Одредбата од членот 82 став 4 од Законот за трговските друштва, предвидува обврска за регистрациониот агент да ги чува конвертираните прилози (исправи и докази) кон Пријавата за упис, кои согласно Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица имаат значење на заверен препис од оригиналот, во времетраење од пет години, а потоа истите ги предава во Државниот архив на Република Македонија.

Во оваа смисла станува збор за чување конкретни прилози (исправи и докази) во период од пет години од страна на регистрационите агенти кои се предмет на трајно чување во трговскиот регистар и оспорената одредба од член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/15), не е во спротивност на член 18 став 2 од Уставот на Република Македонија туку со истата само се прецизира кои документи и од каков вид регистрациониот агент има обврска времено да ги чува, а воедно се врши усогласување со одредбите од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. Ова, дотолку повеќе што со оспорениот член 6 од Законот, е утврдена само обврска за чување на прилозите и истите не се предмет на обработка. А воедно во членот 84 став (1) од Законот за трговските друштва е уредено дека уписите во трговскиот регистар се вршат во електронска форма и трговскиот регистар се води во писмена и електронска форма, додека пак согласно член 85 ставови (1) и (2) од овој закон, податоците запишани во трговскиот регистар се јавни, односно секое лице, на свој трошок може да бара да му се издаде фотокопија или заверен препис од податоците запишани во регистарската влошка.

Начинот и трошокот за чување конвертирани прилози (исправи и докази) од страна на регистрационите агенти, не е предмет на уредување на Законот за трговските друштва, од причина што законодавецот смета дека нивното чување во времетраење од пет години, не предизвикува значителен трошок, ниту пак бара комплициран, односно сложен пристап за нивно меморирање и евидентирање, како посебна база на податоци, креирана од самиот подносител на пријавата, конкретно во случајов

регистрациониот агент, за кој законодавецот сепак имал оставено преоден период од пет месеци, за нивно подготвување, со цел реализирање на оваа обврска.

Воедно, подносителот на Иницијативата нема прецизно наведено кој член од Уставот на Република Македонија и од Законот за заштита на личните податоци е во спротивност со преносот на конвертираните прилози (исправи и докази) од регистрациониот агент до Државен архив на Република Македонија.

Понатаму во Инцијативата се предлага Уставниот суд на Република Македонија да ја укине и одредбата од членот 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2015), со оглед дека истата е во спротивност со член 18 и член 52 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Имено подносителот наведува дека членот 37 од Законот за трговските друштва внесувал забуни во правниот промет, од причина што со истиот се воведувал начин на чување на податоци пред јануари 2006 година и по јануари 2006 година, а Законот бил донесен во 2015 година така што било воведено повратно применување на Законот, и истото не било во согласност со член 52 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 18 став 1 од Уставот на Република Македонија, се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци, а според ставот 2 од истиот член, на граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Согласно член 52 став 2 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување, а според ставот 3 од овој член, законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Според ставот 4 од овој член, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Оспорениот член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2015), претставува преодна одредба, која се однесува на начинот на чување на податоци кои се предмет на трајно чување во трговскиот регистар. Во оваа смисла согласно член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2015), податоците од членот 82 став (3) пренесени во писмена форма од регистарските судови согласно со членот 67 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица се чуваат во хартиена форма. Податоците од извршените уписи по 1 јануари 2006 година по поднесена пријава во писмена форма како и прилозите кон неа се чуваат во хартиена и електронска форма. Податоците од извршените уписи врз основа на електронска пријава за упис и прилозите кон неа се чуваат во електронска форма, доколку се изготвени во ПДФ формат и се заверени со електронски потпис на регистрационен агент или на овластениот подносител, односно и во хартиена форма, доколку истите се конвертирани од писмена во електронска форма и заверени со електронски потпис на регистрационен агент. Податоците за извршените уписи во единствениот трговски регистар за субјекти кои не се опфатени со овој закон се чуваат во хартиена форма.

Согласно член 67 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица се утврдува единствен трговски регистар,

при што според ставот (1) од овој член, единствениот трговски регистар на територијата на Република Македонија ќе се воспостави до 31 декември 2005 година.

Според ставот (2) од истиот член, од 1 јануари 2006 година Централниот регистар го презема од надлежните судови водењето на трговскиот регистар, заедно со преносот на запишаните податоци коишто се водат во трговските регистри на Основниот суд Скопје I во Скопје, Основниот суд во Битола и Основниот суд во Штип, а според ставот (3) од истиот член, Основниот суд Скопје I во Скопје, Основниот суд во Битола и Основниот суд во Штип се должни најдоцна до 31 октомври 2005 година, по динамика што ќе ја утврдат со Централниот регистар, да ја достават својата документација за субјектите на упис кои се запишани во трговските регистри заклучно со 31 декември 2004 година и тоа: електронската база на податоци, главната книга, регистарските влошки, збирките на исправи, деловодниците и целата друга документација која е воспоставена за водење на регистрите. Ако дел од документацијата не може физички да се издвои од судската документација на Централниот регистар му се издава копија од тој дел на судската документација. Преземената документација останува во трајно чување кај Централниот регистар.

Согласно ставот (4) од истиот член, пренесувањето на податоците од ставот (2) на овој член за уписите извршени во трговските регистри од 1 јануари 2005 заклучно со 31 декември 2005 година ќе се врши континуирано по динамика што ќе ја утврдат надлежните судови од ставот (2) на овој член и Централниот регистар најдоцна до 31 декември 2005 година, а според ставот (5) од истиот член, по пренесувањето на податоците од трговските регистри од ставовите (2) и (3) на овој член од писмена во електронска форма, Централниот регистар доставува решение од единствениот трговски регистар до субјектот на уписот кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот да ја потврди идентичноста на податоците запишани во регистрите од ставовите (2) и (3) на овој член со решението во единствениот трговски регистар. Потврдувањето се врши од застапникот по закон со изјава на образец определен од Централниот регистар.

Согласно ставот (6) од овој член, субјектот на уписот има право на жалба на решението, во однос на идентичноста на податоците запишани во регистрите, во рок од осум дена по приемот на решението од ставот (4) на овој член, а според ставот (7) од истиот член, субјектите на упис коишто нема да ја исполнат обврската од ставот (5) на овој член, Централниот регистар ги евидентира како неактивен субјект на упис.

Во оваа смисла со оспорениот член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.88/2015), само се допрецизира начинот на чувањето на податоците од членот 82 став (3) од Законот, односно се специфицира кои податоци треба да се чуваат само во хартиена форма, а кои во хартиена и електронска, согласно временскиот период на преземање на податоците во единствениот трговски регистар утврден со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

Оттука, со оспорената законска одредба членот 37, начинот на чување на овие податоци не се воведува во 2015 година, туку се усогласува начинот на чувањето на истите кој бил веќе утврден во основниот текст на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица при воспоставувањето на единствениот трговски регистар и истата не е во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Согласно претходно наведеното одредбите на член 6 и член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015) не се во спротивност со Уставот на Република Македонија при што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија предметната Иницијатива поднесена од адвокат Александра Илиева - Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.65/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 и член 37 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.88/2015), да ја отфрли како неоснована.

**Точка 167**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип за купопродажба на недвижен имот во Штип со Имотен лист бр. 919 и Имотен лист бр. 74827 за КО Штип 4 на КП бр. 9496 викано место/улица Град и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерство за транспорт и врски.

**Точка 168**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Благојче Кипровски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр. 245/2014 и по Известувањето го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 169**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 170**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 23.7.2018 година до 29.7.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Владата го задолжи Министерството за здравство, во Работната група која подготвува измена на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции, да вклучи и претставници од Министерството за внатрешни работи и во рок од 15 дена до Владата да достават соодветно решение во врска со ова прашање, во насока на зајакнување на критериумите за давање на одобрение за одгледување канабис за медицински цели.

**3.** Владата се информираше со анализата и проценката во однос на исполнувањето на условите за користење на финансиската поддршка (дали од концесиите се користи суровина за финалниот производ) за ПУТЗ Ренова – Џепчиште, Тетово.

**4.** Владата се информираше со корисничкото упатство за инсталирање и користење на Мобилната апликација е-Влада.

**5.** Согласно расправата на седницата, а во врска со точките од дневниот ред 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 102, 103, 104, 105, 106 и 107, Владата заклучи Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, во рок од 30 дена по потпишување на договорите за доделување финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, да побара од компаниите да дадат изјава за судир на интереси.

**Точка 171**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Македонија за 2017 година, со Годишен извештај, табеларни прегледи и дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 172**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М - НАВ АД Скопје за периодот јануари-март 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на органите на управување на АД во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М - НАВ АД Скопје:
- дека финансискиот резултат за првото тромесечје за 2018 година е негативен и
- во иднина да се погрижат приходите да бидат на ниво на расходите.

**Точка 173**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, за период од 1.1.2018 до 31.3.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 174**

Владата ја разгледа Информацијата со Извештај за напредокот во спроведување на Проектот – Регионален портал на трговски регистри на Југоисточна Европа, како материјал за информирање.

**Точка 175**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Државен пазарен инспекторат за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Државниот пазарен инспекторат до Владата да достави предлог измени на соодветните законски прописи со цел поефикасно работење на Државниот пазарен инспекторат.

**Точка 176**

Владата го разгледа Известувањето од МЖ „Транспорт“ АД Скопје за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за јуни 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 177

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за напредокот и спроведувањето на Програмата за реформи на единиците на локална самоуправа во областа на животната средина, како материјал за информирање.

## Точка 178

Владата ја разгледа Информацијата за субјектите кои доставуваат податоци и информации до изработувачот на просторниот план, урбанистичкиот план, урбанистичко-планската и урбанистичко-проектна документација и примена на законската обврска истите да ги доставуваат навремено и бесплатно, како материјал за информирање.

## Точка 179

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 180

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиската полиција, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Арафат Муареми, директор на Управата за финансиска полиција.

## Точка 181

Владата го разгледа Предлог-законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија), кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавно претпријатие за државни патишта, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Елена

Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски, Сузана Пенева, државна советничка во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 182**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Македонија во периодот јануари - јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 183**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од усвојување на текстот на Договорот помеѓу Црна Гора и Република Македонија за уредување на меѓусебните имотно правни односи, со текст на Договор и ја усвои со следниот заклучок:

- По завршувањето на преговорите помеѓу Црна Гора и Република Македонија, како и по постигнување усогласување на текстот на Договорот, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и надлежните министерства/институции по материјалот, Министерството за финансии до Владата да достави усогласен текст на Договор, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и извештај за завршени преговори, помеѓу Црна Гора и Република Македонија за уредување на меѓусебните имотно правни односи.

**Точка 184**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување Програма за соработка во областа на културата меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за периодот 2018 - 2021 година, со усогласен текст на Програма и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Програмата за соработка во областа на културата меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за периодот 2018 – 2021 година.

2. Се овластува м-р Асаф Адеми, министер за култура да ја потпише Програмата за соработка во областа на културата меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерството за култура на Република Бугарија за периодот 2018 – 2021 година.

**Точка 185**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на средствата предвидени во Буџетот на Министерството за култура за 2018 година, за спомен обележје на Тодор Проески во Крушево, со Предлог-програма (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за престанок на важење на Програмата за користење на средства за изградба на спомен-обележје на Тодор Проески во Крушево за 2018 година, со заклучок во основот на Програмата, зборовите „а во врска со член 11 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015)“, да се избришат.

2. Се задолжува Министерството за култура, во рок од пет дена, согласно член 8 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа да донесе критериуми, процедури и рокови за распределба на средства за капитални дотации.

3. Се задолжува Министерството за култура, да подготви и во рок од десет дена до Владата да достави нова програма за користење на средства за изградба на Спомен – обележје на Тодор Проески во Крушево за 2018 година.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**